ЈСП СКОПЈЕ

ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
СКОПЈЕ ц.о.
NDËRMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE "SHKUP" p.p.
Бр. 02-87/1
29 JAN 2024 200 год
СКОПЈЕ ШКУП

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈСП СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

**Скопје, Јануари 2024 година**

# СОДРЖИНА

I. **Вовед**

II . **Превозни капацитети и физички обем на услуги**
- II. 1. Превозни капацитети
- II. 2. Физички обем на услуги
- II. 3. Сообраќајни незгоди и инциденти
- II. 4. Ремотно – сервисни активности

III . **Финансиски показатели**

IV . **Инвестиции во основни средства**

V . **Вработени**
- V. 1. Структура на вработените
- V.2. Искористеност на работното време
- V.3. Исплатени плати

VI . **Заклучни оценки**

# I. ВОВЕД

Согласно Законот за измени и дополнувања на законот за јавните претпријатија (Службен весник на РСМ бр. 274/2022 од 20.12.2022 год.), јавното претпријатие е должно да ги доставува до Основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 35 дена по истекот на тримесечјето и да ги објави на својата веб страна најдоцна 35 дена по истекот на тримесечјето. Исто така, јавното претпријатие е должно годишните сметки и финансиските извештаи да ги објави на својата веб страна во рок од 15 дена од денот на доставување на годишната сметка до Централниот регистар. Согласно Законот за трговските друштва, Годишната сметка се доставува до Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година, односно до 15 март наредната година во електронска форма.

Согласно Законот за данокот на додадена вредност, обработката на финансиските документи и достава на ДДВ пријави се врши до 25-ти во месецот за претходниот месец, додека исправки по даночни пријави се вршат најдоцна до рокот за доставување на годишната сметка (15 март во тековната за претходната година).

Согласно Законот за јавни претпријатија, јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес, водењето на сметководството, подготвувањето и поднесувањето на годишната сметка и финансиските извештаи го вршат во согласност со Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Македонија.

Погоре наведените одредби од Законот за јавните претпријатија, Законот за ДДВ и Законот за трговските друштва не се во меѓусебна корелација, односно роковите зададени со измените во Законот за јавните претпријатија не се усогласени со роковите утврдени со Законот за данокот на додадена вредност (обработка на финансиски документи и достава на ДДВ пријава до 25-ти во месецот за претходниот месец) и Законот за трговските друштва (достава на Годишна сметка и финансиски извештаи до 15 март). Од оваа причина, а со цел придржување до роковити на Законот за јавните претпријатија, податоците дадени во тримесечните извештаи за 2023 год. се нецелосни, односно не содржат дел од финансиските документи за последниот месец од тримесечјето.

Што се однесува до податоците за последното тримесечје со кои се заокружува деловната 2023 година, проблемот е поголем со оглед на фактот дека не е завршен не само приемот на документи за месец декември, туку ниту обработката на резултатите од годишниот попис на средствата и изворите на средства (чии резултати утврдени со одлука на УО се вклучуваат во Годишната сметка), редовната ДДВ пријава, како и сите евентуални исправки на ДДВ пријави и сите завршни книжења потребни за изготвување на Годишната сметка и финансиски извештаи за 2023 година.

Законот за јавни претпријатија ги утврдува следните надлежности на УО на претпријатието и на Основачот на претпријатието.

Управниот одбор на јавното претпријатие:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
5. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите;
8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
9. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие

Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:

1. Статутот на јавното претпријатие;
2. Статусните промени;
3. Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
4. Актот за задолжување на јавното претпријатие;
5. Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело
6. Актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
7. Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие и
8. Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој.

Во Законот за јавните претпријатија се утврдени рокови за достава на периодични (тримесечни) извештаи до Основачот, без насоки за конкретните елементи кои треба да ги содржат извештаите, односно без унифициран преглед на задолжителни показатели кои јавните претпријатија треба да ги искажат во извештаите.

Поради ова во прилог на извештајот даваме во скратена форма финансиски оперативни показатели утврдени со пресек 23 јануари 2024 год. за последното тримесечје 2023 год., без искажување на вкупниот деловен резултат во годината, кој ќе се утврди со Годишната сметка за 2023 год. и прикаже со Годишниот извештај од работењето за 2023 година.

## I. ПРЕВОЗНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ

### II.1. ПРЕВОЗНИ КАПАЦИТЕТИ

**СОСТОЈБА НА ИНВЕНТАРНИТЕ ВОЗИЛА НА 31.12.2023**
**( СПОРЕД ДАТА НА ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА )**

Таб.1

| Р.бр. | Тип на автобус | Соло автобуси | Зглобни автобуси | Вкупно автобуси | Стр. во % | Просечна стар. во години |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Санос | 14 | 2 | 16 | 4,5 | 29,91 |
| 2. | Ман | 21 | 12 | 33 | 9,3 | 3,47 |
| 3. | Лаз | 74 | | 74 | 20,8 | 12,54 |
| 4. | Јутонг | 213 | | 213 | 59,8 | 11,71 |
| 5. | Минибус ( Застава, Јутонг) | 20 | | 20 | 5,6 | 13,71 |
| 6. | **Вкупно ( 1 - 6 )** | **342** | **14** | **356** | **100,0** | **12,05** |
| | **Учество %** | **96,1** | **3,9** | **100,0** | | |
| | Р.Е.Автокоманда | 178 | 6 | 184 | 51,7 | 12,11 |
| | Р.Е.Ѓорче Петров | 164 | 8 | 172 | 48,3 | 11,98 |
| 7. | Туристички автобуси | 1 | | 1 | | 28,59 |
| | **Вкупно автобуси ( 6 + 7 )** | **343** | **14** | **357** | | **12,09** |

| **Еколошки стандард** | |
|---|---|
| EURO 6 еколош. стандард | 33 автобуси ( Ман ) |
| EURO 5 еколош. стандард | 213 автобуси ( Јутонг ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 74 автобуси ( Лаз ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 16 минибуси ( Јутонг ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 4 минибуси ( Застава ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 1 туристички автобус |

Со состојба на 31.12.2023 година просечната старост на возниот парк изнесува 12,05 години што претставува пораст за 3,3% во споредба со состојбата од минатата година ( 11,67 год.).

Граф.1



## II.2. ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ

**ОСТВАРЕН ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ**
**( линиски превоз )**

Таб.2

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | X XII 2022 | X XII 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Инвентарна состојба на автобусите (31.12.) | 378 | 356 | 94,2 |
| 2 | Инвентар. сост. на автоб.-просечно дневно | 378 | 356 | 94,2 |
| 3 | Просеч. днев. исправни автобуси | 249 | 227 | 91,2 |
| 4 | Просеч. днев. исправни автоб. во раб. денови | 253 | 230 | 90,9 |
| 5 | Просеч. днев. автоб. во работа | 205 | 185 | 90,2 |
| 6 | Просеч. днев. автоб. во работа во раб. денови | 248 | 223 | 89,9 |
| 7 | Просечно дневно автобуси во резерва | 5 | 7 | 140,0 |
| 8 | Коефициент на техничка исправност | 0,66 | 0,64 | 97,0 |
| 9 | Коефиц. на искористеност на тех. исправн. | 0,98 | 0,97 | 99,0 |
| 10 | Коефиц. на искорист. на вкуп. возен парк | 0,66 | 0,62 | 93,9 |
| 11 | Просечна старост на автобусите (31.12.) | 11,67 | 12,05 | 103,3 |
| 12 | Поминати километри - вкупно | 4.434.233 | 3.939.605 | 88,8 |
| 13 | Поминати километри на градски линии | 2.577.388 | 2.279.092 | 88,4 |
| 14 | Поминати километри на приградски линии | 1.658.830 | 1.499.620 | 90,4 |
| 15 | Поминати километри на договорен превоз | 198.015 | 160.893 | 81,3 |
| 16 | Потрошено нафта-вкупно ( литри ) | 1.682.253 | 1.472.658 | 87,5 |
| | -Месечно | 560.751 | 490.886 | 87,5 |
| | -Дневно | 18.285 | 16.007 | 87,5 |
| 17 | Поминати километри на возила со погонско гориво - нафта | 4.011.358 | 3.460.866 | 86,3 |
| 18 | Потрошено нафта - просечно литри/100 км. | 41,94 | 42,55 | 101,5 |
| 19 | Потрошено земјен гас ( кгр.) | 214.647 | 249.901 | 116,4 |
| 20 | Поминати километри на возила со погонско гориво -земјен гас | 422.875 | 478.739 | 113,2 |
| 21 | Потрошено земјен гас - просечно кгр./100 км. | 50,76 | 52,20 | 102,8 |
| 22 | Остварени часови во сообраќај | 245.159 | 215.401 | 87,9 |
| 23 | Остварена комерцијална брзина | 18,09 | 18,29 | 101,1 |
| 24 | Просечно поминати км. по возило во работа | 21.630 | 21.295 | 98,4 |
| | -Месечно | 7.210 | 7.098 | 98,4 |
| | -Дневно | 235 | 231 | 98,3 |
| 25 | Просечно поминати км. по вработен | 3.494 | 3.441 | 98,5 |
| | -Месечно | 1.165 | 1.147 | 98,5 |
| | -Дневно | 38 | 37 | 97,4 |
| 26 | Просечно поминати км. по возач | 7.440 | 7.518 | 101,0 |
| | -Месечно | 2.480 | 2.506 | 101,0 |
| | -Дневно | 81 | 82 | 101,4 |
| 27 | Број на полуобрти во сообраќајот | 381.341 | 410.571 | 107,7 |
| | 1. Број на остварени регуларни полуобрти - вкупно | 121.846 | 144.892 | 118,9 |
| | - Број на регуларни полуобрти | 121.533 | 144.237 | 118,7 |
| | - Број на делумно сработени регуларни полуобрти | 313 | 655 | 209,3 |
| | 2. Број на нерегуларни полуобрти | 259.495 | 265.679 | 102,4 |
| 28 | Превезени патници | 8.892.043 | 7.410.214 | 83,3 |
| 29 | Превезени патници Жичница Милениумски Крст | 67.376 | 87.858 | 130,4 |
| 30 | Остварени места километри ( во 000 ) | 371.490 | 330.459 | 89,0 |
| 31 | Места километри по патник ( квалитет ) | 41,78 | 44,59 | 106,7 |
| 32 | Места километри по вработен ( продуктивност ) | 292.743 | 288.610 | 98,6 |
| 33 | Места километри по возач | 623.306 | 630.646 | 101,2 |
| 34 | Превезени патници на поминати км. | 2,01 | 1,88 | 93,8 |

Во периодот Октомври Декември 2023 година возилата во линискиот превоз на патници поминале вкупно 3.939.605 км., што е за 11,2% помалку во споредба со истиот период минатата година. Намалувањето на бројот на поминати км е резултат на намалениот број на поминати км на:

1) Градски линии за 11,6%
2) Приградски линии за 9,6% и
3) Договорен превоз за 18,7%

Во делот на полуобрти податоците се превземени од Системот за автоматска локација на возилата ( АВЛ ). Системот дава податоци за можни три статуси на полуобрти и тоа:

- **Регуларен** – полуобрт каде возилото ја поминало целата траса на движење, при тоа не се појавиле проблеми од типот на ненавремено поаѓање/ пристигнување, поминало над 97% од должината на трасата со услов задолжително пристигнување на крајното стојалиште, запирање на над 80% од стојалиштата, тргнување од почетен терминал предвремено од зададеното време на тргнување на полуобртот согласно возниот ред не поголемо од 2 минути и доцнење не поголемо од 5 минути;
- **Нерегуларен -** полуобрт каде возилото возело по грешна траса, застанало на помалку од 70% стојалишта, поминало помалку од 90% од трасата или невклучено возило, тргнување од почетен терминал предвремено од зададеното време на тргнување на полуобртот согласно возниот ред поголемо од 2 минути и доцнење поголемо од 5 минути;
- **Полуобрт за обработка ( делумно сработен)** - полуобрт каде возилото застанало на 70% до 80% од стојалиштата, поминало од 90% до 96,99% од трасата со услов задолжително пристигнување на крајното стојалиште, возилото работи со неисправен систем за наплата (валидатор ), со неисправен КЕВ или ГПС, тргнување од почетен терминал / доцнење од зададеното време на пристигнувањена полуобртот согласно возниот ред не помало од 5 минути и не поголемо од 8 минути.

Во периодот Октомври Декември 2023 година превезени се вкупно 7.410.000 патници. Во споредба со истиот период од претходната година бројот на превезени патници е намален за 16,7% поради падот на број на патници со неперсонализирани билети за 15,3%, персонализирани билети за 17,1%, договорен превоз за 34,5% и со дополнителни билети за 50%.

Потрошената нафта ( просечно ) на 100 км. остварена при обавување на линискиот превоз на патници бележи пораст од 1,5% од 41,94 на 42,55 литри.

Движењето на просечната потрошувачка на гориво на 100 км на автобусите по месеци е прикажана во следните табели и графикони.

**МИНИБУСИ ЗАСТАВА**

Таб.3

| Месец | Наполнето нафта во литри | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км |
|---|---|---|---|
| Јануари | 966 | 6.243 | 15,47 |
| Февруари | 750 | 4.855 | 15,45 |
| Март | 1.024 | 7.459 | 13,73 |
| Април | 670 | 4.784 | 14,00 |
| Мај | 805 | 5.705 | 14,12 |
| Јуни | 942 | 6.153 | 15,31 |
| Јули | 95 | 553 | 17,18 |
| Август | 653 | 5.891 | 11,08 |
| Септември | 312 | 2.644 | 11,80 |
| Октомври | 808 | 6.241 | 12,95 |
| Ноември | 1.043 | 7.060 | 14,77 |
| Декември | 899 | 7.536 | 11,93 |
| **Вкупно** | **8.968** | **65.125** | **13,77** |

Граф.2




## МИНИБУСИ ЈУТОНГ

Таб.4

| Месец | Наполнето нафта во литри | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км |
|---|---|---|---|
| Јануари | 3.730 | 11.837 | 31,51 |
| Февруари | 4.670 | 15.442 | 30,24 |
| Март | 4.891 | 16.298 | 30,01 |
| Април | 3.472 | 12.579 | 27,60 |
| Мај | 3.302 | 11.663 | 28,31 |
| Јуни | 2.734 | 10.071 | 27,15 |
| Јули | 2.190 | 9.375 | 23,36 |
| Август | 3.676 | 14.098 | 26,07 |
| Септември | 4.178 | 14.532 | 28,75 |
| Октомври | 6.064 | 21.215 | 28,58 |
| Ноември | 5.421 | 19.378 | 27,98 |
| Декември | 6.234 | 20.391 | 30,57 |
| **Вкупно** | **50.562** | **176.879** | **28,59** |

Граф.3



## ЛАЗ

Таб.5

| Месец | Наполнето нафта во литри | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км |
|---|---|---|---|
| Јануари | 111.755 | 256.357 | 43,59 |
| Февруари | 105.224 | 243.548 | 43,20 |
| Март | 110.998 | 256.584 | 43,26 |
| Април | 94.265 | 217.049 | 43,43 |
| Мај | 104.183 | 241.681 | 43,11 |
| Јуни | 88.240 | 201.807 | 43,72 |
| Јули | 89.008 | 199.914 | 44,52 |
| Август | 83.668 | 190.093 | 44,01 |
| Септември | 80.533 | 180.346 | 44,65 |
| Октомври | 78.208 | 175.054 | 44,68 |
| Ноември | 74.920 | 183.063 | 40,93 |
| Декември | 78.020 | 180.014 | 43,34 |
| **Вкупно** | **1.099.022** | **2.525.510** | **43,52** |

Граф.4




## ДВОКАТНИ АВТОБУСИ - ЈУТОНГ

Таб.6

| Месец | Наполнето нафта во литри | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км |
|---|---|---|---|
| Јануари | 413.937 | 967.931 | 42,77 |
| Февруари | 419.519 | 962.130 | 43,60 |
| Март | 484.212 | 1.120.981 | 43,20 |
| Април | 411.383 | 966.679 | 42,56 |
| Мај | 436.662 | 1.029.906 | 42,40 |
| Јуни | 396.833 | 892.629 | 44,46 |
| Јули | 433.863 | 914.903 | 47,42 |
| Август | 400.041 | 864.283 | 46,29 |
| Септември | 408.690 | 919.839 | 44,43 |
| Октомври | 406.301 | 938.322 | 43,30 |
| Ноември | 392.230 | 933.741 | 42,01 |
| Декември | 412.322 | 921.709 | 44,73 |
| **Вкупно** | **5.015.993** | **11.433.053** | **43,87** |

Граф.5




## СОЛО АВТОБУСИ СО МОТОР НА ЗЕМЈЕН ГАС

Таб.7

| Месец | Наполнето земјен гас во кгр. | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км. |
|---|---|---|---|
| Јануари | 58.801,10 | 123.034,90 | 47,79 |
| Февруари | 60.766,00 | 126.550,00 | 48,02 |
| Март | 67.429,50 | 138.366,80 | 48,73 |
| Април | 58.108,50 | 121.736,00 | 47,73 |
| Мај | 57.605,00 | 118.652,00 | 48,55 |
| Јуни | 59.409,70 | 117.773,70 | 50,44 |
| Јули | 62.928,00 | 121.465,00 | 51,81 |
| Август | 59.497,70 | 119.433,00 | 49,82 |
| Септември | 54.895,84 | 107.169,00 | 51,22 |
| Октомври | 51.855,60 | 109.035,00 | 47,56 |
| Ноември | 54.175,60 | 111.314,00 | 48,67 |
| Декември | 54.267,00 | 114.175,00 | 47,53 |
| **Вкупно** | **699.739,54** | **1.428.704,40** | **48,98** |

Граф.6



## ДВОЈНИ АВТОБУСИ СО МОТОР НА ЗЕМЈЕН ГАС

Таб.8

| Месец | Наполнето земјен гас во кгр. | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км. |
|---|---|---|---|
| Јануари | 19.690,40 | 33.785,00 | 58,28 |
| Февруари | 24.616,90 | 40.491,00 | 60,80 |
| Март | 33.000,70 | 52.835,10 | 62,46 |
| Април | 20.893,60 | 34.150,00 | 61,18 |
| Мај | 30.184,30 | 47.860,00 | 63,07 |
| Јуни | 26.050,90 | 41.024,00 | 63,50 |
| Јули | 14.411,20 | 22.327,00 | 64,55 |
| Август | 16.449,60 | 25.036,00 | 65,70 |
| Септември | 27.382,20 | 42.491,00 | 64,44 |
| Октомври | 32.285,30 | 51.548,00 | 62,63 |
| Ноември | 27.988,00 | 45.076,00 | 62,09 |
| Декември | 29.329,80 | 47.591,00 | 61,63 |
| **Вкупно** | **302.282,90** | **484.214,10** | **62,43** |

Граф.7



Во периодот Октомври Декември 2023 година превезени се вкупно 7.410.000 патници. Во споредба со истиот период од претходната година бројот на превезени патници е намален за 16,7% поради падот на број на патници со неперсонализирани билети за 15,3%, персонализирани билети за 17,1%, договорен превоз за 34,5% и со дополнителни билети за 50%.

### СТРУКТУРА НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ

Таб.9

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | X XII 2022 | Стр.% | X XII 2023 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I.** | **Патници со неперсонализираани билети** | **2.602.000** | **29,3** | **2.203.000** | **29,7** | **84,7** |
| 1 | Патници со неперсонализирани билети на град. линии | 1.291.000 | 14,5 | 1.061.000 | 14,3 | 82,2 |
| 2 | Патници со неперсонализирани билети на сите линии | 1.281.000 | 14,4 | 1.135.000 | 15,3 | 88,6 |
| 3 | Патници со бесплатни неперсонализирани билети | 30.000 | 0,3 | 7.000 | 0,1 | 23,3 |
| **II.** | **Патници со персонализирани билети** | **6.259.000** | **70,4** | **5.187.000** | **70,0** | **82,9** |
| 1 | Ученички, студентски билети | 970.000 | 10,9 | 611.000 | 8,2 | 63,0 |
| 2 | Пензионерски билети | 58.000 | 0,7 | 47.000 | 0,6 | 81,0 |
| 3 | Билети за возрасни | 916.000 | 10,3 | 842.000 | 11,4 | 91,9 |
| 4 | Месечен ноќен билет | | | | | |
| 5 | Месечни билети за градски линии | 1.205.000 | 13,6 | 956.000 | 12,9 | 79,3 |
| 6 | Месечни билети за сите линии | 580.000 | 6,5 | 464.000 | 6,3 | 80,0 |
| 7 | Колективни билети | 31.000 | 0,3 | 35.000 | 0,5 | 112,9 |
| 8 | Билети за деца без родители над 18 години | 1.000 | 0,0 | 1.000 | 0,0 | 100,0 |
| 9 | Билети за студенти и возрасни ( бесплатен превоз ) | 2.233.000 | 25,1 | 2.020.000 | 27,3 | 90,5 |
| 10 | Тримесечен билет | 3.000 | 0,0 | 1.000 | 0,0 | 33,3 |
| 11 | Шестмесечен билет | 1.000 | 0,0 | 1.000 | 0,0 | 100,0 |
| 12 | Годишни билети | 261.000 | 2,9 | 209.000 | 2,8 | 80,1 |
| **III.** | **Патници со договорен превоз** | **29.000** | **0,3** | **19.000** | **0,3** | **65,5** |
| 1. | Претпријатија ( договорен превоз ) | 15.000 | 0,2 | 6.000 | 0,1 | 40,0 |
| 2. | Групен превоз | 14.000 | 0,2 | 13.000 | 0,2 | 92,9 |
| **IV.** | **Патници со дополнителни билети** | **2.000** | **0,0** | **1.000** | **0,0** | **50,0** |
| | **ВКУПНО** | 8.892.000 | 100,0 | 7.410.000 | 100,0 | 83,3 |

## КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ ПЕРСОНАЛИЗИРАНИ БИЛЕТИ

Таб.10

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | X XII 2022 | Стр.% | X XII 2023 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ученичко , студентски билети | 776 | 0,2 | 746 | 0,2 | 96,1 |
| 1.1 | Ученички билети | 276 | 0,1 | 269 | 0,1 | 97,5 |
| 1.2 | Студентски билети | 500 | 0,2 | 477 | 0,1 | 95,4 |
| 2 | Ученички (задолжително средно образование) | 55.207 | 17,2 | 70.553 | 20,2 | 127,8 |
| 3 | Ученички, студентски ( договор, тендер и друго ) | 4.364 | 1,4 | 2.434 | 0,7 | 55,8 |
| 4 | Пензионерски билети | 1.010 | 0,3 | 969 | 0,3 | 95,9 |
| 5 | Доплатни билети за возрасни | 51.635 | 16,1 | 56.244 | 16,1 | 108,9 |
| 6 | Месечни билети за градски линии | 21.234 | 6,6 | 19.974 | 5,7 | 94,1 |
| 7 | Месечни билети за сите линии | 9.357 | 2,9 | 8.508 | 2,4 | 90,9 |
| 8 | Колективни билети | 2.035 | 0,6 | 2.342 | 0,7 | 115,1 |
| 9 | Билети за возрасни и студенти ( бесплатен превоз ) | 165.339 | 51,5 | 182.538 | 52,4 | 110,4 |
| 10 | Билети за деца без родители над 18 год. | 8 | 0,0 | 12 | 0,0 | 150,0 |
| 11 | Месечни билети ноќе | | | | | |
| 12 | Тримесечни билет | 47 | 0,0 | 32 | 0,0 | 68,1 |
| 13 | Шестмесечни билет | 44 | 0,0 | 55 | 0,0 | 125,0 |
| 14 | Годишни билети | 10.105 | 3,1 | 4.250 | 1,2 | 42,1 |
| | **ВКУПНО** | **321.161** | **100,0** | **348.657** | **100,0** | **108,6** |

Количината на вкупно персонализирани билети во овој период изнесува 348.657 билети и во споредба со периодот од претходната година бележи пораст за 8,6%.

## КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ НЕПЕРСОНАЛИЗИРАНИ БИЛЕТИ

Таб.11

| Р. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | X XII 2022 | Стр.% | X XII 2023 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **Неперсонализирани билети за градски линии - вкупно** | **167.867** | **10,8** | **160.721** | **10,3** | **95,7** |
| 1 | Билет за десет возења | 133.432 | 8,6 | 119.896 | 7,7 | 89,9 |
| 2 | Еднодневен билет за автобус | 34.336 | 2,2 | 40.745 | 2,6 | 118,7 |
| 3 | Седумдневен билет за автобус ( +1 билет за жичница и лифт на Крстот во два правци ) | 99 | 0,0 | 80 | 0,0 | 80,8 |
| **II** | **Неперсонализирани билети за сите линии** | **1.379.591** | **88,8** | **1.388.505** | **89,4** | **100,6** |
| 1 | Билети за едно возење | 1.368.486 | 88,1 | 1.379.778 | 88,8 | 100,8 |
| 1.1 | Билет купен во возило за едно возење - билет на елект.картица | 754.582 | 48,6 | 714.186 | 46,0 | 94,6 |
| 1.2 | Билет купен во возило за едно возење - мобилен телефон | 613.738 | 39,5 | 665.554 | 42,8 | 108,4 |
| 1.3 | Билет купен во возило за едно возење - хартиен билет | 166 | 0,0 | 38 | 0,0 | 22,9 |
| 2 | Ноќен билет за едно возење | 2.270 | 0,1 | 1.453 | 0,1 | 64,0 |
| 2.1 | Ноќен билет за едно возење- електронска картица | 939 | 0,1 | 417 | 0,0 | 44,4 |
| 2.2 | Ноќен билет за едно возење-мобилен телеф. | 1.331 | 0,1 | 1.036 | 0,1 | 77,8 |
| 3 | Билет за десет возења | 8.742 | 0,6 | 7.198 | 0,5 | 82,3 |
| 4 | Временски билет од 90 минути (само од електронски паричник преку валидатор) | 46 | 0,0 | 51 | 0,0 | 110,9 |
| 5 | Еднодневен билет за автобус (само од електронски паричник преку валидатор) | 19 | 0,0 | 1 | 0,0 | 5,3 |
| 6 | Седумдневен билет за автобус (+1 билет за жичница и лифт на Крстот во два правци ) | 23 | 0,0 | 24 | 0,0 | 104,3 |
| 7 | Дневни пакети- комбинирани билети | 5 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | **Вкупно** | **1.547.458** | **99,6** | **1.549.226** | **99,7** | **100,1** |
| | **Бесплатни неперсонализирани билети** | **6.493** | **0,4** | **4.911** | **0,3** | **75,6** |
| | **Вкупно** | **1.553.951** | **100,0** | **1.554.137** | **100,0** | **100,0** |

Во периодот Октомври Декември 2023 година количината на неперсонализирани билети изнесува 1.554.137 билети и во споредба со истиот период од претходната година е на исто ниво . Во вкупната структура, количината на неперсонализирани билети за градски линии учествува со 10,3%, неперсонализирани билети за сите линии со 89,4% и на бесплатните неперсонализирани билети со 0,3%.

## II.3. СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ И ИНЦИДЕНТИ

Во периодот Јули - Септември 2023 год. возилата на ЈСП учествувале во вкупно 66 сообраќајни незгоди, што е за 11 незгоди или за 20% повеќе во споредба со истиот период минатата година. Во сообраќајните незгоди повредени се вкупно 9 лица.

Согласно податоците од европските записници по вина на возачите на ЈСП се случиле 23 незгоди или 34,8% од незгодите, по вина на останатите учесници во сообраќајот се случиле 25 незгоди или 37,9% од незгодите. За сообраќајните незгоди за кои постапката не е спроведена со европски записник, изготвен е записник од страна на МВР и согласно истите во овој период се случиле 18 незгоди или 27,3% од незгодите.

### СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ

Таб.12

| Р. бр. | СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ | X XII 2022 | Стр.% | X XII 2023 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Европски Записник** | 44 | 80,0 | 48 | 72,7 | **109,1** |
| | По вина на ЈСП | 23 | 41,8 | 23 | 34,8 | 100,0 |
| | По вина на останатите учесници | 21 | 38,2 | 25 | 37,9 | 119,0 |
| 2 | **Записник на МВР** | **11** | **20,0** | 18 | **27,3** | **163,6** |
| | **ВКУПНО** | **55** | **100,0** | **66** | **100,0** | **120,0** |

**Напомена :** Утврдувањето на вината по европскиот записник е направена според проценката на Референтот за безбедност и сообраќај.

Во периодот Јули - Септември 2023 година во возилата на ЈСП СКОПЈЕ се случиле вкупно 152 инциденти што е за 10 инциденти или за 7% повеќе во споредба со истиот период минатата година. Порастот на инцидентите се должи на зголемувањето на оштетувањето на возилата за 5,9%, заканите за 133,3% и на проблемите кои се јавуваат при обавување на превозот за 6,7%. Намалување бележат физичките пресметки во автобусите за 14,3%, додека физички напади врз возачи не се забележани во овој период.

### ИНЦИДЕНТИ

Таб.13

| Р.бр. | ВИДОВИ ИНЦИДЕНТИ | X XII 2022 | Стр.% | X XII 2023 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Физички напади врз возачи | 1 | 0,7 | | | |
| 2. | Физички пресметки во возила | 7 | 4,9 | 6 | 3,9 | 85,7 |
| 3. | Оштетување на возила | 101 | 71,1 | 107 | 70,4 | 105,9 |
| 4. | Закани | 3 | 2,1 | 7 | 4,6 | 233,3 |
| 5. | Проблеми | 30 | 21,1 | 32 | 21,1 | 106,7 |
| | **ВКУПНО ИНЦИДЕНТИ** | **142** | **100,0** | **152** | **100,0** | **107,0** |

Во периодот Октомври Декември 2023 година Одделението за контрола на билети изврши 32.032 контроли на билети ( просечно дневно 348 контроли ) при што се одземени 75 електронски картици и се наплатени дополнителни билети на 1.252 патници.

**ИЗВРШЕНИ КОНТРОЛИ, ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ, ОДЗЕМЕНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЦИ И НАПЛАТЕНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ БИЛЕТИ**

Таб.14

| Р. бр. | Елементи | X XII 2022 | X XII 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Извршени контроли | 33.071 | 32.032 | 96,9 |
| 2 | Поднесени пријави | 3.369 | 2.649 | 78,6 |
| 3 | Одземени електронски картици | 200 | 75 | 37,5 |
| 4 | Наплатени дополнителни билети | 1.776 | 1.252 | 70,5 |

## II.4. РЕМОНТНО - СЕРВИСНИ АКТИВНОСТИ

Во периодот Октомври Декември 2023 година забележани се забележани 2 генерални ремонти и 1 сервис на диференцијал. Во депот на полуремонти и сервисирање на менувачи во овој период не се забележани активности.

**ОСТВАРЕН ОБЕМ НА РЕМОНТНО СЕРВИСНИ АКТИВНОСТИ**

Таб.15

| Р. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | X XII 2022 | X XII 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Ремонтни активности** | **1** | **2** | **200,0** |
| | - Генерален ремонт | 1 | 2 | 200,0 |
| | - Полуремонти | | | |
| **2.** | **Менувачи** | | | |
| **3.** | **Диференцијали** | **2** | **1** | **50,0** |

## III. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

### Приходи и расходи по тримесечја за 2023 година

Таб.16

| Р.бр. | ЕЛЕМЕНТИ | Јануари-Март | Април- Јуни | Јули-Септември | Октомври-Декември |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи | 512.010.000 | 498.224.000 | 409.188.000 | 386.047.000 |
| 2 | Расходи | 437.234.000 | 448.104.000 | 549.160.000 | 492.712.000 |

Таб.17

| Р.бр. | Приходи | Јануари-Март | Април- Јуни | Јули-Септември | Октомври-Декември |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приход превоз од патници - линиски превоз | 269.737.000 | 223.618.000 | 231.516.000 | 210.026.000 |
| 2 | Субвенции за бесплатен превоз | 80.952.000 | | 42.857.000 | |
| 3 | Приход превоз од патници - Жичница | 3.935.000 | 4.198.000 | 4.322.000 | 3.954.000 |
| 4 | Приход од субвенции за потешкотии | 138.500.000 | 196.000.000 | 78.292.000 | 137.208.000 |
| 5 | Приход од субвенции - Автобуски постојки | | | | |
| 6 | Приход од субвенции - АВЛ | 3.507.000 | 55.694.000 | 36.049.000 | 12.241.000 |
| 7 | Приход од донации | 3.212.000 | 3.226.000 | 3.262.000 | 2.169.000 |
| 8 | Останати приходи | 12.167.000 | 15.488.000 | 12.890.000 | 20.449.000 |

Таб.18

| Р.бр. | Расходи | Јануари-Март | Април- Јуни | Јули-Септември | Октомври-Декември |
|---|---|---|---|---|---|
| I | Материјални расходи | 180.587.000 | 181.001.000 | 286.414.000 | 254.905.000 |
| II | Вкалкулирани бруто плати | 174.535.000 | 178.709.000 | 177.162.000 | 191.491.000 |
| III | Вкалкулирана амортизација | 48.297.000 | 48.524.000 | 48.711.000 | 32.205.000 |
| IV | Нематеријални расходи | 28.212.000 | 21.743.000 | 26.872.000 | 7.745.000 |
| VI | Расходи од финансирање | 5.603.000 | 18.127.000 | 10.001.000 | 6.366.000 |

## ЖИЧНИЦА

Жичарата Милениумски Крст ставена е во употреба од Јуни 2011 година. Жичарата Милениумски Крст е изградена од фирмата Допелмаер со седиште во Австрија, заедно со неколку македонски фирми како подизведувачи. Го поврзува Средно Водно со врвот на Водно Милениумскиот Крст. Жичарата Милениумски Крст е донација од Владата на РМ на Град Скопје, предадена во владение на ЈСП СКОПЈЕ.

Основни податоци:

- 28 кабини за по 8 лица,
- 2 ВИП кабини за по 4 лица,
- Должина на траса 1.600 метри,
- Надморска висина од 570 метри,
- Висинска разлика од 480 метри,
- Се движи со брзина од 6 метри во секунда при што должината од 1.600 метри ја совладува за 4 минути и 18 секунди,
- Вкупен капацитет на Жичницата е 1.160 патници на час.

Просторот околу Жичарата е уреден со урбана опрема и дрвени куќички за снабдување на посетителите со освежителни пијалоци и сувенири.

За безбедноста на поситителите, покрај вработените во ЈСП, се грижи и посебно обучен тим на Црвениот Крст на Град Скопје.

### КОЛИЧИНА И ПРИХОД ОД ПРОДАДЕНИ БИЛЕТИ ОД ЖИЧНИЦА

Таб.19

| Реден број | Вид на билет | Количина | | | Приход со ДДВ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | X XII 2022 | X XII 2023 | Индекс | X XII 2022 | X XII 2023 | Индекс |
| 1 | Билети за жичници - деца | 3.126 | 3.826 | 122,4 | 156.300 | 191.300 | 122,4 |
| 2 | Билети за жичници - возрасни | 22.469 | 30.975 | 137,9 | 2.246.900 | 3.097.500 | 137,9 |
| 3 | Билет за враќање | 12.226 | 15.050 | 123,1 | 611.300 | 752.500 | 123,1 |
| 3.1 | Билет за враќање билетара ( Средно Водно-Милен. Крст ) | 7.907 | 10.799 | 136,6 | 395.350 | 539.950 | 136,6 |
| 3.2 | Билет во еден правец ( Милен.Крст - Средно Водно ) | 4.319 | 4.251 | 98,4 | 215.950 | 212.550 | 98,4 |
| 4 | Групен билет - деца | 608 | 162 | 26,6 | 27.360 | 7.290 | 26,6 |
| 5 | Групен билет - возрасни | 952 | 986 | 103,6 | 85.680 | 88.740 | 103,6 |
| 6 | Месечен претплатен билет | 12 | 13 | 108,3 | 12.000 | 13.000 | 108,3 |
| **Вкупно** | | **39.393** | **51.012** | **129,5** | **3.139.540** | **4.150.330** | **132,2** |
| **Вкупен приход без ДДВ** | | | | | **2.990.038** | **3.952.695** | **132,2** |

### СТРУКТУРА НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ ( ЖИЧНИЦА )

Таб.20

| Реден број | Елементи | X XII 2022 | Стр. % | X XII 2023 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Патници со билети - деца | 6.252 | 9,3 | 7.652 | 8,7 | 122,4 |
| 2 | Патници со билети - возрасни | 44.938 | 66,7 | 61.950 | 70,5 | 137,9 |
| 3 | Патници со билет за враќање | 12.226 | 18,1 | 15.050 | 17,1 | 123,1 |
| 3.1 | Билет за враќање билетара ( Средно Водно-Милен. Крст ) | 7.907 | 11,7 | 10.799 | 12,3 | 136,6 |
| 3.2 | Билет во еден правец ( Милен.Крст - Средно Водно ) | 4.319 | 6,4 | 4.251 | 4,8 | 98,4 |
| 4 | Патници со групен билет - деца | 1.216 | 1,8 | 324 | 0,4 | 26,6 |
| 5 | Патници со групен билет - возрасни | 1.904 | 2,8 | 1.972 | 2,2 | 103,6 |
| 6 | Месечен билет | 840 | 1,2 | 910 | 1,0 | 108,3 |
| **Вкупно** | | **67.376** | **100,0** | **87.858** | **100,0** | **130,4** |

## IV. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА

Во периодот Октомври Декември 2023 година вкупните инвестиции во основни средства изнесуваат 111.726 денари и се однесуваат на инвестиции во набавка на 2 преносни компјутери.

**ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА
ЗА ПЕРИОД ОКТОМВРИ ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

Таб. 21

| Ред. бр. | ИНВЕСТИЦИИ | Износ | Стр. % |
|---|---|---|---|
| 1 | Компјутери преносни - 2 | 111.726 | 100,0 |
| | **ВКУПНО** | **111.726** | **100,0** |

## V. ВРАБОТЕНИ

### V.1. СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Со состојба на 31.12.2023 година вкупниот број на вработени во ЈСП СКОПЈЕ изнесува 1.137 што е за 128 вработени или за 10,1% помалку во споредба со состојбата од минатата година ( 1.265 вработени ). Во текот на 2023 година Претпријатието го напуштиле 162 вработени, од кои 81 по основ на пензионирање.

**БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО КВАЛИФИКАЦИИ**

Таб. 22

| Ред. бр. | Квалификација | 31.12.2022 | Стр.% | 31.12.2023 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ВСС | 84 | 6,6 | 80 | 7,0 | 95,2 |
| 2. | ССС | 987 | 78,0 | 890 | 78,3 | 90,2 |
| 3. | НСС | 56 | 4,4 | 47 | 3,6 | 83,9 |
| 4. | ВКВ | 138 | 10,9 | 120 | 10,6 | 87,0 |
| | **Вкупно** | **1.265** | **100,0** | **1.137** | **100,0** | **89,9** |

**Одлив на вработени - вкупно** **162 вработени**

1. По основ остварување право на пензија 81 вработени
2. Починати 3 вработени
3. Престанок –дисциплинска мерка 2 вработени
4. Престанок –неоправдано отсуство 10 вработени
5. Престанок –самоволно 3 вработени
4. Спогодбено 33 вработени
5. Неплатено 30 вработени

**БРОЈНА И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ**

31.12.2023 Таб.23

| Р.б | Квалиф. | Вкупно | % | Жени | % | Мажи | % | Старост | Стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ВСС | 80 | 7,04 | 30 | 2,64 | 50 | 4,4 | 43 | 16 |
| 2 | ССС | 890 | 78,28 | 96 | 8,44 | 794 | 69,83 | 51 | 23 |
| 3 | НСС | 47 | 4,13 | 24 | 2,11 | 23 | 2,02 | 51 | 18 |
| 4 | ВКВ | 120 | 10,55 | | | 120 | 10,55 | 55 | 32 |
| | **Вкупно** | **1.137** | **100,00** | **150** | **13,19** | **987** | **86,81** | **51** | **23** |

**<u>Човечки ресурси - показатели :</u>**

- Учество на вработените според степенот на стручно образование ВСС = 7,04% / ССС = 78,28% / НСС = 4,13% / ВКВ = 10,55% ;
- Просечна старост на вработените во ЈСП изнесува 51 години;
- Просечен остварен работен стаж во ЈСП изнесува 23 години. Со работен стаж до 20 години се 552 или 48,55 % од вработените, а со работен стаж над 20 години се 585 или 51,45% од вработените;
- Од женскиот пол се 150 или 13,19% од вработените, а од машки пол 987 или 86,81% од вработените;

Граф.8




## БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД ОСТВАРЕНИОТ СТАЖ

31.12.2023 Таб.24

| Квалиф. | до 5 г | 06-10 | 11-15 | 16-20 | 21-25 | 26-30 | 31-35 | над 35 | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВСС | 9 | 22 | 18 | 13 | 5 | 3 | 7 | 3 | 80 | 7,04 |
| ССС | 43 | 91 | 166 | 138 | 93 | 107 | 73 | 179 | 890 | 78,28 |
| НСС | 5 | 5 | 18 | 3 | 4 | 5 | 1 | 6 | 47 | 4,13 |
| ВКВ | 1 | 1 | 11 | 8 | 11 | 5 | 21 | 62 | 120 | 10,55 |
| **Вкупно** | **58** | **119** | **213** | **162** | **113** | **120** | **102** | **250** | **1.137** | **100,0** |
| **%** | **5,10** | **10,47** | **18,73** | **14,25** | **9,94** | **10,55** | **8,97** | **21,99** | **100,0** | |
| | **552** | | | | **585** | | | | **1.137** | |
| | **48,55** | | | | **51,45** | | | | **100,0** | |

Граф.9



## V.2. ИСКОРИСТЕНОСТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ

Вкупниот фонд на остварени часови за 2023 год. во ЈСП СКОПЈЕ изнесува 2.706.393 часови и во споредба со истиот период минатата година вкупниот фонд на остварени часови е намален за 171.781 часа или за 6%.

Ефективните часови бележат намалување за 6,4% или за 160.115 часови по основ на намалена редовна работа за 6,7% и ноќна работа за 3,4%.

Неефективните часови бележат намалување за 1,7%, како резултат на падот на бројот на часови по основ на боледувања за 21,8%.

Останатите часови бележат намалување за 16,2% поради намалениот број на часови по основ на боледувања преку ФЗО за 17,2%, неплатено отсуство за 33,3% и по основ на суспензија за 9,5% .

Во структурата на остварени часови најголемо е учеството на ефективните часови 86,6%, кои заедно со неефективните часови ( со учество од 12,3%), преставуваат 98,9% од вкупните остварени часови. Часовите по основ на боледување, суспензија, неплатено и неоправдано отсутство забележале учество од 1,1% во структурата на остварени часови.

**ОСТВАРЕНИ ЧАСОВИ ВО ЈСП СКОПЈЕ**

Таб.25

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2022 | Стр. % | 2023 | Стр. % | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Редовна работа | 2.394.151 | 83,2 | 2.234.099 | 82,5 | 93,3 |
| 2. | Продолжена работа | | | | | |
| 3. | Ноќна работа | 79.350 | 2,8 | 76.638 | 2,8 | 96,6 |
| 4. | Државни празници | 30.273 | 1,1 | 32.922 | 1,2 | 108,8 |
| **I** | **Вкупни ефективни часови ( 1 + 4 )** | **2.503.774** | **87,0** | **2.343.659** | **86,6** | **93,6** |
| 5. | Годишни одмори | 256.600 | 8,9 | 268.550 | 9,9 | 104,7 |
| 6. | Боледување до( 21 ) 30 дена | 81.848 | 2,8 | 64.040 | 2,4 | 78,2 |
| **II** | **Вкупни неефективни часови ( 5 + 6 )** | **338.448** | **11,8** | **332.590** | **12,3** | **98,3** |
| **III** | **Вкупно платени часови ( I + II )** | **2.842.222** | **98,8** | **2.676.249** | **98,9** | **94,2** |
| 7. | Боледување преку ФЗО | 33.440 | 1,2 | 27.672 | 1,0 | 82,8 |
| 8. | Неоправдано отсуство | 384 | 0,0 | 552 | 0,0 | 143,8 |
| 9 | Неплатено отсуство | 24 | 0,0 | 16 | 0,0 | 66,7 |
| 10 | Суспензија | 2.104 | 0,1 | 1.904 | 0,1 | 90,5 |
| **IV** | **Вкупно останати часови ( 7 + 8 + 9 )** | **35.952** | **1,2** | **30.144** | **1,1** | **83,8** |
| **V** | **Вкупно часови ( III + IV )** | **2.878.174** | **100,0** | **2.706.393** | **100,0** | **94,0** |

Граф.10



## V.3. ИСПЛАТЕНИ ПЛАТИ

Пресметаните и исплатените бруто плати за 2023 год. изнесуваат 721,9 милиони денари. Во споредба со минатата година бруто платите бележат зголемување за 49 мил.ден. или за 7,3% што е резултат на порастот на нето платите за 7%, данокот за 11,3% и придонесите од плати за 7,2%.

### СТРУКТУРА НА БРУТО ПЛАТИТЕ

Таб.26

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2022 | Стр. % | 2023 | Стр. % | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | Бруто плати ( 1 + 2 ) | 672.897.000 | 100,0 | 721.943.000 | 100,0 | 107,3 |
| 1. | Нето плати | 449.166.000 | 66,8 | 480.765.000 | 66,6 | 107,0 |
| 2. | Даноци и придонеси од плати-вкупно ( 2.1 + 2.2 ) | 223.731.000 | 33,2 | 241.178.000 | 33,4 | 107,8 |
| 2.1. | Данок од плати | 35.061.000 | 5,2 | 39.008.000 | 5,4 | 111,3 |
| 2.2. | Придонеси од плати | 188.670.000 | 28,0 | 202.170.000 | 28,0 | 107,2 |
| | - Инвалидско и пензиско | 126.490.000 | 18,8 | 135.743.000 | 18,8 | 107,3 |
| | - Здравствено осигурување | 50.530.000 | 7,5 | 54.153.000 | 7,5 | 107,2 |
| | - Придонес за вработување | 8.178.000 | 1,2 | 8.664.000 | 1,2 | 105,9 |
| | - Професионални заболувања | 3.472.000 | 0,5 | 3.610.000 | 0,5 | 104,0 |

### БРУТО ПЛАТА
### ( ПО ВИДОВИ ПРИМАЊА )

Таб.27

| Р. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2022 | Стр.% | 2023 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Редовна работа | 497.104.000 | 73,9 | 525.892.000 | 72,8 | 105,8 |
| 2. | Ноќна работа | 16.375.000 | 2,4 | 18.019.000 | 2,5 | 110,0 |
| 3. | Државни празници | 17.640.000 | 2,6 | 25.148.000 | 3,5 | 142,6 |
| 4. | Годишни одмори | 65.298.000 | 9,7 | 74.556.000 | 10,3 | 114,2 |
| 5. | Суспензија | 290.000 | 0,0 | 397.000 | 0,1 | 136,9 |
| 6. | Минат труд | 61.059.000 | 9,1 | 64.136.000 | 8,9 | 105,0 |
| 7. | Боледувања до 30 дена | 15.131.000 | 2,2 | 13.795.000 | 1,9 | 91,2 |
| | **Вкупно** | **672.897.000** | **100,0** | **721.943.000** | **100,0** | **107,3** |

Граф.11




Во 2023 година ЈСП СКОПЈЕ оствари просечна нето плата по вработен во износ од 31.649 денари. Според податоците на Државниот завод за статистика индексот на трошоците на животот во 2023 година во споредба со минатата година изнесува 109,4. Ако се земе во предвид овој пораст на трошоците на живот од 9,4%, тогаш просечно остварената нето плата во споредба со минатата година бележи номинално пораст за 14,1% а реално пораст за 4,3%.

## ОСТВАРЕНИ ПРОСЕЧНИ НЕТО ПЛАТИ ПО КВАЛИФИКАЦИИ

Таб.28

| Ред. бр. | Квалификации | 2022 | 2023 | Номинален индекс | Реален индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | В К В | 27.478 | 31.331 | 114,0 | 104,2 |
| 2 | Н С С | 20.077 | 23.240 | 115,8 | 105,8 |
| 3 | С С С | 27.712 | 31.683 | 114,3 | 104,5 |
| 4 | В С С | 33.122 | 37.073 | 111,9 | 102,3 |
| **В К У П Н О** | | **27.742** | **31.649** | **114,1** | **104,3** |

## VI. ЗАКЛУЧНИ ОЦЕНКИ

Во споредба со истиот период од претходната година. ЈСП ги оствари следниве показатели во делот на физичкиот обем на превозни услуги :

- Намален број на возила во работа ( просечно дневно ) за 9,8%;
- Намален број на возила во работа во работни денови ( просечно дневно ) за 10,1%;
- Зголемен број на возила во резерва ( просечно дневно ) за 40%;
- Пад на коефициентот на искористеност на техничка исправност за 0,1%;
- Зголемена просечна старост на возниот парк од 11,67 на 12,05 год.;
- Намалување на бројот на поминати километри за 11,2%;
- Намалување на бројот на превезени патници за 16,7%;
- Намалувањена бројот на часовите во сообраќај за 12,1%;
- Пад на остварените места километри за 11% и
- Намалување на превезени патници на поминати км ( 2,01 на 1,88 ) за 6,2%.

Изработил: Одделение за план, анализа и статистика
Раководител на одделение
Миле Младеновски

Контролирал: Сектор за подршка на директорот
Помошник раководител на сектор:
Олгица Гавриловска Велков

Одобрил:

ЈСП СКОПЈЕ
ДИРЕКТОР

---------------------------------
Крсте Петревски